ПРИЛОГ III.4:
УСЛОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

1. Идентификување на Страната која е обврзана да ја обезбеди банкарската гаранција и одредување на износот на банкарската гаранција

1.1 Како прв чекор за идентификување на Страната која е обврзана да обезбеди банкарска гаранција, износот на Надоместоците За Услуги кои дадената Страна треба да и ги исплати на другата Страна во рамките на првите 4 (четири) месеци од датумот на стапување на сила на Договорот За Пристап На Мрежа ќе се пресмета и за двете Страни.

1.2 Страната, за која пресметката опишана во горенаведената Точка 1.1 ќе резултира во поголем износ, ќе треба да обезбеди банкарска гаранција.

1.3 Износот на банкарската гаранција ќе биде нето износот на обврската за плаќање на Страната која е задолжена да обезбеди банкарска гаранција врз основа на Предвидениот Сообраќај, т.е. разликата на износите пресметани за двете Страни врз основа на Предвидениот Сообраќај, како што е наведено во Точка 1.1. Страните меѓусебно ќе го координираат износот на банкарската гаранција пред обврзаната Страна да ја обезбеди гаранцијата.

2. Редовно ревидирање на износот на банкарската гаранција

2.1 Износот на банкарската гаранција ќе го ревидираат Страните на месечна основа, почнувајќи од 5^{от} (петтиот) месец по стапување на сила на Договорот За Пристап На Мрежа, според следново:

а) При првиот чекор од ревидирањето, Страните ќе ја пресметаат разликата (т.е. нето износот на обврската за плаќање) на Надоместоците За Услуги кои меѓусебно си ги имаат фактурирано во рамките на Договорот За Пристап На Мрежа, во 4^{те} (четирите) месеци пред ревидирањето.

б) При вториот чекор од ревидирањето, Страните ја споредуваат вредноста пресметана според горенаведената подточка а) со фактичкиот износ на банкарската гаранција обезбедена од Страната која е обврзана да обезбеди банкарска гаранција, и во зависност од резултатот ќе постапат согласно одредбите од Точка 2.2 или 2.3.

2.2 Доколку се утврди дека новата вредност, пресметана согласно Точка 2.1 подточка а), е најмалку 20 (дваесет) проценти повисока отколку фактичкиот износ на банкарската гаранција доставена од Страната која е обврзана да обезбеди банкарска гаранција, тогаш Страната обврзана да обезбеди банкарска гаранција мора да ја измени гаранцијата до пресметаната нова вредност, но не повеќе од 150 (сто и педесет) милиони денари, во рок од 15 (петнаесет) дена.

2.3 Доколку се утврди дека новата вредност, пресметана согласно Точка 2.1 подточка а), е пониска од фактичкиот износ на банкарската гаранција доставена од Страната која е обврзана да обезбеди банкарска гаранција, тогаш Страната која е обврзана да обезбеди банкарска гаранција може да ја измени гаранцијата до пресметаната нова вредност.

2.4 Во периодот на важност на Договорот За Пристап На Мрежа, Страната која е обврзана да обезбеди банкарска гаранција ќе ја обновува банкарската гаранција на годишна основа, најмалку 30 (триесет) дена пред истекот на истата, дури и доколку износот на банкарската гаранција не се промени како резултат на ревидирање согласно Точка 2.1.